MELLON SOLUTIONS DOOEL

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

**Mellon Group** е водечка грчка мултинационална групација која нуди специјализирани решенија и услуги со цел да ги задоволи барањата на финансиските институции и другите организации чиј бизнис е насочен кон големи групи на клиенти. Мелон Групацијата е со седиште во Атина, Грција и моментално брои преку 6.000 вработени во 12 земји.

**Мелон Солушнс Дооел**, членка на **Мелон Групацијата**, во соработка со Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, објавува повик за сите заинтересирани студенти за практикантство, да се придружат кон нашиот тим и да стекнат практични знаења и искуства.

## Практикантска работа
## [реф. бр. 2018-019]

- Практикантите ќе работат во канцеларијата на компанијата во Скопје.
- Практикантската работа ќе се одвива секој работен ден, 8 часа дневно, во временски период од 1 до 3 месеци.
- Секојдневните обврски вклучуваат работа на реални проекти како дел од постоечкиот тим во компанијата и стекнување на професионални и компетитивни знаења и искуства на студентот.

Сите заинтересирани студенти кои сакаат да ги зборатат своите знаења во следните области:

- Учество во развој, модификација, тестирање и одржување на постоечки софтверски решенија;
- Дијагностицирање и поправка на софтверски проблеми;
- Учество во развој на софтвер и веб апликации и тестирање на CTI и CRM апликациски решенија на компанијата за внатрешни и клиентски средини.

Може да аплицираат доколку ги исполнуваат следните услови:

- Студенти на додипломски или постдипломски студии на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство;
- Основно познавање од областа на компјутерските науки, компјутерско инженерство и IT технологија (хардверски компоненти, оперативни системи и компјутерски мрежи);
- Одлично познавање на MS Office;
- Добро познавање на англиски јазик - пишан и говорен;
- Комуникативна и амбициозна личност со желба за постојано стручно надоградување;
- Способност за тимска работа.

**Заинтересираните кандидати треба да ја испратат својата биографија на следната e-mail адреса: jobs.mk@mellongroup.com, најдоцна во рок од 5 дена од објавувањето на огласот.**

**Мелон Солушнс Дооел**
**ул. Франклин Рузвелт бр.19,**
**1000 Скопје**

**Согласно Законот за заштита на лични податоци, по истекот на рокот за избор на кандидатот сите пристигнати биографии ќе бидат уништени.**